# С Т А Т У Т

Јули, 2019

Ул. „Св. Кирил и Методиј„ бр.54, 1000 Скопје
тел. (02) 3296 466

Врз основа на член 28 став 8 и став 10 од Законот за заштита на конкуренцијата (“Службен весник на РМ„ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), ), а во врска со Амандманот XXXIII на Уставот на Република Северна Македонија („Службен Весник на РСМ„ бр.6/19) и Законот за употреба на јазиците во Република Северна Македонија ( „Службен весник на РСМ„ бр.7/19), Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошен текст: Комисија) на седницата одржана на ден __________ година, донесе

**С Т А Т У Т**
**на Комисијата за заштита на конкуренцијата**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат организацијата, раководењето и постапката за донесување на општи акти и нивно изменување и дополнување, како и други прашања од надлежност на Комисијата.

**Член 2**

(1) Комисијата е самостоен државен орган со својство на правно лице и е независна во своето работење и во донесувањето на одлуките во рамките на надлежностите определени со Законот за заштита на конкуренцијата (“Службен весник на РМ„ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18 ).

(2) Комисијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија и најдоцна до 31 март поднесува Годишен извештај за својата работа.

(3) Седиштето на Комисијата е во Скопје, ул. „Свети Кирил и Методиј„ бр.54

**Член 3**

(1) Име на Комисијата: Комисија за заштита на конкуренцијата.

(2) Скратено име на Комисијата: КЗК

(3) Име на Комисијата на англиски јазик: Commission for protection of competition.

(4) Скратено име на Комисијата на англиски јазик е: CPC

(5) Името на Комисијата мора да биде истакнато на зградата во која се наоѓа нејзиното седиште.

**Член 4**

(1) Комисијата има печат со тркалезна форма напишан на македонски јазик и негово кирилично писмо како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо и грбот на Република Северна Македонија, кој го содржи следниот текст: Република Северна Македонија – Republika e Maqedonisë së Veriut, Скопје-Shkup, Комисија за заштита на конкуренцијата- Komisionit për Mbrojtjen e Konkurrencës.

(2) Комисијата има приемен штембил во форма на правоаголник напишан на македонски јазик и неговото кирилично писмо како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо кој го содржи следниот текст: РепубликаСеверна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut, Комисија за заштита на конкуренцијата - Komisionit për Mbrojtjen e Konkurrencës, Скопје- Shkup, примено, организациона единица, број, прилог и вредност - pranuar, njësia organizative, numri, shtojcë dhe vlera.

(3) Комисијата има излезен штембил во форма на правоаголник напишан на македонски јазик и неговото кирилично писмо како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо кој го содржи следниот текст: РепубликаСеверна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut, Скопје-Shkup, Комисија за заштита на конкуренцијата - Komisionit për Mbrojtjen e Konkurrencë.

(4) Комисијата има амблем со следната форма

**Член 5**

(1) Нарачувањето, употребата и замената на печатот со грбот на Република Северна Македонија се врши на начин пропишан со закон.

(2) За чување и правилна употреба на печатот и штембилот одговорен е претседателот на Комисијата или лицето што тој ќе го одреди.

## II. РАКОВОДЕЊЕ СО КОМИСИЈАТА

**Член 6**

(1) Претседателот на Комисијата ги извршува следните работи:

1) ја застапува, претставува и раководи со нејзината работа;
2) одговорен е за законито и ефикасно извршување на работите од надлежност на Комисијата;
3) предлага мерки за унапредување на работата на Комисијата;
4) и предлага на Комисијата донесување на актите од нејзина надлежност;
5) се грижи за унапредување и стручно усовршување на вработените во Комисијата;
6) потпишува акти, одлуки и други материјали кои Комисијата ги донесува и утврдува, освен оние за кои пренел овластување;
7) одговорен е за извршување на одлуките на Комисијата;
8) овластува лице за потпишување во име на Комисијата;
9) предлага мерки за инвестиционо одржување и набавка, односно за продажба на основни средства, во согласност со финансискиот план;
10) потпишува патни налози за службени патувања во земјата и во странство;
11) врши и други работи кои ќе му ги определи Комисијата.

(2) Во случај на отсутност или спреченост, претседателот на Комисијата го заменува еден од членовите професионално ангажирани во работењето на Комисијата.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОМИСИЈАТА

**Член 7**

Внатрешната организација на Комисијата се уредува со овој Статут и општите акти кои врз основа на Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за административни службеници ги донесува Комисијата.

**Член 8**

Комисијата е составена од претседател, четворица членови и стручна служба.

**Член 9**

(1) Претседателот и двајцата членови на Комисијата кои се професионално ангажирани во работењето на Комисијата ја сочинуваат Комисијата за одлучување по прекршок.

(2) Комисијата за одлучување по прекршок има печат со тркалезна форма напишан на македонски јазик и негово кирилично писмо како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо и грбот на Република Северна Македонија, кој го содржи следниот текст: Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut, Скопје-Shkup, Комисија за заштита на конкуренцијата - Komisionit për Mbrojtjen e Konkurrencës, Комисија за одлучување по прекршок - Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje.

(3) Комисијата за одлучување по прекршок има приемен штембил во форма на правоаголник напишан на македонски јазик и неговото кирилично писмо како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо кој го содржи следниот текст: Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut, Комисија за заштита на конкуренцијата - Komisionit për Mbrojtjen e Konkurrencës, Комисија за одлучување по прекршок - Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje, Скопје-Shkup, примено, организациона единица, број, прилог и вредност - pranuar, njësia organizative, numri, shtojcë dhe vlera.

(4) Комисијата за одлучување по прекршок има излезен штембил во форма на правоаголник напишан на македонски јазик и неговото кирилично писмо како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо кој го содржи следниот текст: Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut, Скопје-Shkup, Комисија за заштита на конкуренцијата - Komisionit për Mbrojtjen e Konkurrencës, Комисија за одлучување по прекршок - Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje, Скопје-Shkup.

(5) Комисијата за одлучување по прекршок го користи амблемот на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

(6) Комисијата за одлучување по прекршок носи насоки, упатства и други општи акти од значење за вршење на нејзините надлежности определени со Законот за заштита на конкуренцијата.

(7) Комисијата за одлучување по прекршок донесува Деловник за работа со кој го уредува начинот и постапката на работа и одлучување на Комисијата за одлучување по прекршок.

**Член 10**

(1) Стручните, нормативно-правните, управните, управно-надзорните, материјално-финансиските, сметководствените, информатичките и другите работи на Комисијата и Комисијата за одлучување по прекршок ги извршува стручна служба, со која раководи генерален секретар, кој го именува претседателот на Комисијата.

(2) Заради непречено, рационално и успешно извршување на надлежностите на стручната служба се организираат сектори и одделенија, како основни организациски облици.

(3) Со работата на секторите раководат раководителите на секторите, а со работата на одделенијата во состав на секторите раководат раководителите на одделенијата.

**Член 11**

(1) Основните организациски облици на стручната служба на Комисијата се:

1) Сектор за општи и правни работи

- Одделение за општи и стручно-административни работи
- Одделение за комуникација и односи со јавноста и управување со човечки ресурси

2) Сектор за анализи и оценка на концентрации

- Одделение за истражување и анализа на пазарите
- Одделение за оценка на концентрации

3) Сектор за прекршочни постапки

- Одделение за прекршочни постапки од областа на злоупотреба на доминантна позиција и концентрации
- Одделение за прекршочни постапки од областа на забранети договори и полесни прекршоци утврдени со Законот за заштита на конкуренцијата

4) Сектор за контрола на државната помош

- Одделение за надзор на државната помош
- Одделение за оценка на државната помош

5) Сектор за меѓународна соработка, следење и примена на правото на ЕУ

- Одделение за меѓународна соработка,
- Одделение за следење и примена на правото на ЕУ

6) Одделение за финансиски прашања

## IV ОПШТИ АКТИ

**Член 12**

(1) Комисијата ги донесува следните општи акти:

1) Статут на Комисијата;
2) Правилник за внатрешна организација и работење на стручната служба на Комисијата;
3) Правилник за систематизација на работните места во стручната служба на Комисијата;
4) Деловник за работа на Комисијата;
5) Правилник за формата и содржината на службената легитимација на членовите на Комисијата и вработените во стручната служба на Комисијата.

**Член 13**

Со Статут се уредуваат организацијата, раководењето и постапката за донесување на општи акти и нивно изменување и дополнување, како и други прашања од надлежност на Комисијата.

**Член 14**

Со Правилникот за внатрешна организација и работење на стручната служба на Комисијата се уредуваат внатрешната организација, начинот на работа на стручната служба на Комисијата, видовите на организациски облици и нивниот делокруг.

**Член 15**

Со Правилникот за систематизација на работните места во стручната служба на Комисијата се утврдуваат вкупниот број на административни службеници и помошно-технички персонал потребни за извршување на надлежностите на Комисијата, звањата, називот, описот, распоредот на работното место по организациони облици и посебните услови што се потребни за вршење на работите и задачите на одделните работни места.

**Член 16**

Со Деловникот за работа на Комисијата се уредува начинот и постапката на работа и одлучување на Комисијата.

**Член 17**

Со Правилникот за формата и содржината на службената легитимација на членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата и вработените во стручната служба на Комисијата се уредува формата и содржината на образецот на службената легитимација и начинот на нејзиното издавање и одземање.

## V. ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОПШТИТЕ АКТИ

**Член 18**

(1) Постапката за донесување на општите акти започнува со предлог верзија на општиот акт која може да ја предложи претседателот или член на Комисијата.

(2) Измените и дополнувањата на општите акти се донесуваат на начин и во постапка предвидена за нивно донесување.

(3) Во случај на нејасност во примената одредбите на општите акти Комисијата дава толкување на истите.

## VI. ЕТИЧКИ КОДЕКС

**Член 19**

(1) Претседателот и членовите на Комисијата се должни своите овластувања да ги извршуваат професионално и уредно, во согласност со законските прописи.

(2) Вработените во стручната служба на Комисијата се должни доверените задачи да ги вршат професионално и уредно, во согласност со законските прописи и во рамките на добиените налози и упатства.

(3) Вработените во стручната служба на Комисијата одговараат за својата работа и за сите дејствија кои ги презеле или пропуштиле да ги преземат во извршувањето на работата.

## VII. ПРОГРАМИРАЊЕ И ПЛАНИРАЊЕ НА РАБОТАТА

**Член 20**

Со Стратешкиот план се уредува мисијата, целите и приоритетите, програми за остварување на целите и приоритетите, постигнати резултати и постапки за вршење на консултации, влијание врз регулативата и човечките ресурси и спроведување на планот.

**Член 21**

Со годишната програма за работа се утврдуваат работите кои Комисијата ги врши во рамките на својот делокруг, а кои произлегуваат од нејзините функции.

**Член 22**

Врз основа на годишните програмски задачи, во Комисијата се одредуваат конкретни задачи, нивните носители и рокови за извршување.

**Член 23**

Со програмата се утврдува начинот на соработка со соодветните комисии на други држави, како и со меѓународни организации.

## VIII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 24**

(1) Работата на Комисијата е јавна.

(2) Комисијата ја обезбедува јавноста во работата преку средствата за јавно информирање, како и преку известување на другите државни органи за работата на Комисијата.

(3) Заради целосно информирање на јавноста за својата работа Комисијата може периодично да издава посебна публикација, која ќе биде објавувана и на веб страната на Комисијата.

## IX. ФИНАНСИРАЊЕ НА КОМИСИЈАТА

**Член 25**

(1) Средствата за работа на Комисијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

(2) Комисијата донесува финансиски план со кој се распоредуваат средствата за работа на Комисијата за една деловна година.

(3) Налогодавач за извршување на финансискиот план е претстедателот на Комисијата.

**Член 26**

(1) Од средствата на Комисијата се обезбедуваат средства особено за: плати и надоместоци за претседателот и членовите на Комисијата кои се професионално ангажирани во работата на Комисијата и надоместок на членовите на Комисијата кои што не се професионално ангажирани во работата на Комисијата, плата на вработените во стручната служба наКомисијата, набавка на опрема и намирување на материјалните трошоци за работа на Комисијата, патни трошоци во земјата и во странство за претседателот и членовите на Комисијата и административните службеници во стручната служба на Комисијата, учество во работа на Меѓународни организации, надоместок на надворешни соработници кои не се во работен однос во Комисијата што се предвидени со годишниот финансиски план за тековната година.

**Член 27**

(1) Платите на претседателот и членовите кои се професионално ангажирани во работењето на Комисијата се утврдуваат врз основа на Решение за определување на коефициент за утврдување на плати кое што го носи Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија.

**(2)** Надоместоците на членовите на Комисијата кои не се професионално ангажирани во работењето на Комисијата се определуваат со Одлука за утврдување на висината на надоместоците на членовите на Комисијата кои не се професионално ангажирани во работењето на Комисијата.

(3) Платите и надоместоците на плати на вработените во стручната служба во Комисијата се утврдуваат под услови и критериуми утврдени со Законот за административни службеници.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 28**

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот бр.01-103/1 од 28.02.2012 година

(2) Овој Статут влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Комисија за заштита на конкуренцијата**
**Претседател**
**Д-р Владимир Наумовски**